**20260480835**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

☐Врз основа на член 54, став (1), точка 1. потточка 1.3, а во врска со член 61, став (1) точка 3. од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и „135/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4 март 2026 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ**

Член 1

Во Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.108/20,133/20, 49/22, 54/22, 64/22, 125/22 , 218/25), членот 6-а се брише.

Член 2

Членот 8 се менува и гласи:

„(1) Регулаторната комисија за енергетика изготвува одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени со образложение, којашто е предмет на одлучување на седница.

(2) Регулаторната комисија за енергетика одржува седница секој понеделник, освен ако поинаку не е утврдено со овој правилник, на која донесува одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени.

(3) Во одлуката од став (2) од овој член се утврдуваат највисоките малопродажни цени со вклучен ДДВ, за кои одделно се наведуваат највисоките набавни цени (просечната средна дневна берзанска цена на нафтениот дериват, објавена во Platts European Marketscan за изминатиот седумдневен период, со вклучен надоместок за премија и транспортни трошоци до склад во Република Северна Македонија), највисоките надоместоци за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи, вредностите на специфичните акцизи наведени во прописите за акцизи, како и други надоместоци утврдени со законски и подзаконски акти.

(4) Одлуката од став (2) од овој член Регулаторната комисија за енергетика ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на својата-веб страница."

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

Бр. 01-336/1
4 март 2026 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Заменик претседател,
**Лирим Сулејмани,** с.р.